*Братислав Ташковски*

# Зборови во напад

*На темните луѓе во мојот живот, кои секогаш*
*биле зад мене со желба да ме снема, им ги посветувам*
*овие "Зборови во напад", за да знаат дека сé уште*
*сум тука и далеку, далеку пред нив!*

*Прва*

## *Судбинска*

1.

Во душава хор: гори црното и ме гони на ура.
Темни орди од лоши родови одат по мозокот,
како да ме фатил змеј во кафез од поскура
па мирно, како стија го зема од срцето сокот.

Ме гали како сенка во мала собаа, во стар мрак,
во кутија игли, во место белина што не видело.
И, тик-так, тика-так-так, мрда со долгиот крак.
Се јавува со рапав глас. Вика змејот на опело:

Каде!? Што вејка вееш и кој навистина си ти?
"На росата крадец и ѕидар на сонот."Само тоа?
Или пишувач што драска по денот што свети?

Одникаде невикан и несакан посебно затоа!
Изумен и туѓ пред почетокот нов да засвети.
Тика-так-так! Те меле  времето сега и потоа!

2

Слушам. Секаде вијат бесови. Сега морам
како морнар да бидам подалеку од југот,
пред мракот да думам, за зборот да горам.
Змејот го дава прстот да цртам во кругот,

да ставам сé и да посакам чудни работи.
Пред да одговорам ќе попеам уште малку:
Темното е само грда прелага  што баботи,
ништо, време болно без белина и толку!

Нека чука: тик-так - и сé така, колку сака!
И во црна кутија убав пленик да ме фрлиш
од мене мрак не бидува. Не подавам рака

по црното што лизга низ лицето од плиш.
Што ќе ми е? Пукај! Тик- так, тика и така...
од белото не бегам. Го чекам црниот јуриш!

*Црна кутија*

1.

*(Доаѓање дома)*

По патување долго во домот повторно сум сам.
Еве ме. Се симнав како воин од изморен ат,
има ли некој, кој бил тука јас не сакам да знам.
Дома сум и така завршува мојот напорен пат.

Што сторив и каде, прашува раката црнава?
Немир: Небаре војска чекорат спомените мои,
сенката пијана, будно како пандур внимава,
во ќошот светецот тресе прав од рацете свои.

Надвор атот ѕвезди бие, со копитата ги коси
по небото ѕверето гребе и судбината ја дроби.
Темното го куси, на животот коњчето пркоси.

Во дворот удираат таламбаси и звукот коби.
Ќепенокот е затворен и песната потаму носи.
Конечно сон. Сам како ајдук во познати соби!

2.

*(Утро)*

Гледам утрото е исто, ноќта не зела ништо.
Само ронки тажни лежат пред овој разден,
историја  нема а се случило ајле, сенешто.
Никој не се јавува, да ѕвони и досаѓа везден.

Да гледа кон домот, љубопитно со око сино,
па да ѕирнам и го тргнам пердето безволно.
Да го вратам погледот брзо и ептен ефтино
низ зрнцето пот на стаклото со здив полно.

Времето бранува и со денот јавно се ракувам:
На подот лежи порака: Лист со шарена марка.
Се сетил некој! Бара денот брзо да го пакувам,

па земал белината со црнина да ми ја шарка!
Напишал редови да читам, мисли да толкувам,
испратил абер, го ставил во писмо - песнарка.

3.

### *(И гледам)...*

Во рацете како риби лизгави мрдаат зборовите.
Се јавува пријател стар, прашува дал´ сум жив?
Тоа двапати го прави, зошто чул за прокобите -
сум исчезнал во зборовна војна како митски див;

оти сум рекол нешто болно за светот граблив!
Потоа, пријателот ми вели: "Реквиумот не ти бега,
див или полудив сепак си жив и многу горделив,
не биди упадлив: Нека плаче смртта осамена сега."

И тогаш отворив око, подалеку оттука што гледа,
се сетив каде и кога непретпазливо брз сум бил,
во животот глупаво сум бегал од мојата следа:

И гледам, во писмото читам и таму патот бил гнил,
по врвицата моја одел друг, со сенка ситна и бледа,
ме следел како ангел, паднат копитарник црнокрил.

4.

*(Мислата војник)*

Го гледам крајот на писмото стигнато. Ми вели:
"Ако ме читаш внимавај. Да умреш глупаво е сега,
во ројот забораваат брзо, таму сé на две се дели
и сонцето од утрото понекогаш исплашено бега."

По прочитот седнав и цивкав како младо куче.
Се прашав: Што згрешив по важните беспаќа?
Запалив цигара, лут тутун да испијам со чибуче
да мислам за човекот силна грижа што испраќа.

Молчев, небаре виновник фрлен во својата прав.
Потоа викнав по моливот одговор да напишам јас,
раката треперeше, а во душата имав многу страв:

Мислата е војник на бојното поле, појдува в час.
Ги нареди зборовите мирно во одбранбен став,
чекаа на мојот знак, да го слушнат стариот глас.

5.

*(Одговор)*

Одговорив: Пријателе, уште сум со сигурна рака,
смртта одамна на партија покер остро ја исеков.
Да се умре, туку-така, нема уште кој да посака;
ѝ реков: Дели посестримо. Картите ги пресеков!

Сега р´жам као ангел врзан горе, под сува чатија,
чекам викам пеам! Но бегам од скриени асови,
не се с´скам, играм машки во оваа несалам партија.
Се држам до редот по нашки, без чалам и бесови.

До крај ќе пишувам едноставно и многу страсно,
за да ги повикам вредните и пред Бога чесните
ќе бидам ѕвоно па нека чујат сите дваж погласно.

Со армија од букви, со звуци ќе ги ловам песните
да напишам можам, да кажам јасно едноставно.
Но знам, секогаш ги има нив, со темен ум лесните!

6.

*(Голема радост)*

Станав и го вратив моливчето повторно таму.
Завршив со редот последен што треба да биде.
Гледам во домот осамен. Тој чека и вели: Ваму!
Му шепнав: Тука сум стари, злото одамна отиде.

Го допрев на плочата звукот умот да не го стега,
да бара спомени на кои никој не се сеќава веќе.
Од масата бутнав многу смешни работи сега,
во кујната мириса кафе, омај на изгорено цвеќе.

Во лончето свети око. Како на празник кандилце
животот се тресе и наместо пепел стана тврдина.
Сонцето црното го к´сна, во мене влезе виделце.

Паѓа сончевина, бела светлина во темна градина.
Чекам. Дишам во животот глупав како тркалце.
Имам право на голема радост. На ептен сладина.

7.

*(Врзан за влакно)*

Одамна не сум заспал да сонувам изморен така:
Со камена врвка на вратот тонев во длабок вир.
На дното (далеку долу беше) некој подаде рака,
во сонот бев мала птица што бара зборови и мир!

Тогаш сопре летот и како светлина застанат бев,
зборуваше молкот а окото бараше празнина за бег.
Каде? Крилата се влажни и немее сега мојот рев.
Ставен во рамка лебдам како чун од брег до брег.

Како низ акварел линии влечев, по дрвата клукав
и прозорец барав за однадвор сам да се видам.
Пред дверите како џуџе клечев и смешно чукав,

но само низ сликата во бегство можев да отидам.
Ме чуваа во златни мрежи и л´снато им светкав,
Летав широко но врзан за влакно морав да бидам.

8.

*(Кураж)*

По пафтања долги минав над чудниот камен.
Насекаде немо а јас душа пристан што бара.
Раскрилен мавтав, се удрив во лудиот пламен,
до водата некако допрев низ тешката запара.

Тогаш од облакот длабоко-син проговори Тој.
Рече: "Каде? Од сликава не може да отидеш,
одовде врата за тебе нема. Затоа застани, стој!
Натаму, само во нова слика  посакај да бидеш."

А можев ли, кога имав само смешна намера?.
Се предавам: Храброста омраза ќе создаде.
Во сликата бев. Ќе беше тоа само гнила завера.

Ги видов далечините но патот кој да го даде?
Се храбрев но знаев дека постои и невера,
да имам кураж и слободно да прашам: Каде!?

9.

*(Зиг-заг состојба)*

Се свртев и полетав силно. До врвот да барам глас.
Дали  бев јас и кој таму зборовите лесно ги кажа?
Но ништо. Низ сликата патуваше само мојот одглас.
А чув! Ме заболе дури. Зарем досега сé било лажа?

Затоа повторно барав од некаде тајно да се нурнам.
Надвор од боите како слободно пиле да најдам спас.
Кој зборува да знам? Да излезам и сонот го турнам,
да видам каде сум: Дали сум тука во овој глув час?

Тогаш ветрот сликата ја тресна и се чу инаков чекор,
облакот од тиркиз бесно се стрча пред првиот праг.
Но повторно исто. Во рамката и натаму сум декор.

Внатре бела страница. Ништо ново и никаков траг,
се вртам напразно, како танчер фатен во расчекор,
како пијаница кој в зори до домот патува зиг-заг.

10.

*(Бегство)*

Од слика во слика морав да се спасувам јас.
Видов дека горам, ме удри врелината в лет.
Каде сум, зошто го нема тој продорен глас?
Феникс ли ќе бидам, од пепелта роден клет?

Или само испрлена птица од жарта што бега,
од рамка в рамка со кикот слобода што бара.
На платното темно точка срцето што го стега,
кажувајќи силно сé една иста песничка стара:

*"Во полето жешко, пред да зајде, имаше народ,*
*под дрвјата суви, леле ајде, судбина пладнува.*
*Луѓето со с́рпови с́нце жнеат од животот изрод.*

*Жената е прва. Сече брич! С́лза лице ѝ оладува.*
*Пискаат мајки. Дивото плаче по ситната пород.*
*Денот пече. Жеже, гори и ич не сака да зајдува."*

## 11.

*(Црвената)*

Кој те насликал таква силна и пресмела?
Да подигнеш рака и сите се твојот строј.
Ти си сон, трепериш како воздишка врела
а никој не те познава. Слегуваш како порој.

На врвот си чувар буден. Окована со убавина
не знаеш да застанеш - на сонот си монахиња.
Мирот на боите за тебе станува сув; синевина
што раѓа пејзажи и пред нозете ти се клања.

Тогаш си лута, колнеш и бегаш од сечилата.
На оваа слика живот таков е. И треба да биде.
Царица си. Ечиш на пелинот и баеш по бачилата:

"Царското црвено црвенее - каде и да отиде!"
Ги сееш новите болести и ја крадеш силата
на рацете. Полека, моќта касај ќе те изеде!

12.

*(Миг по миговите)*

Тогаш се фатив во мигот од миговите што бега.
Имав вџашен збор и сакав да допрам светлина.
Се прашав: Што барам тука и каде бев досега,
зошто акам од ѕид в ѕид во оваа луда котлина?

Дали сум Феникс. Птица што чека воскресение
или маж што нарамил крилја во изгубен пејзаж?
Да зборува со рамки, слики и палети. За спасение
да пее за акварели, масла и по некој осамен гваж.

Да биде смешен како зборче на дете голомешесто,
да заборава за името и гласот по туѓите градови,
да има тело за мегдан а в часот лице брашнесто.

По миговите казната да ја бере како плодови
да биде мал, боја на врвот што дошла воденесто.
Зарот да го фрли како грев на сите наши родови.

13.

*(Еден ден)*

Да, јас сум тој. Смирено го носам самарот свој,
знам дека доцнам и колку тежи главата моја.
Еден ден, за тоа животот има поинаков крој,
ќе морам да платам и сé ќе биде во црна боја.

Затоа мирно низ палетата како воин гледам.
Целам! Окото мери, четката линијата ја води,
како зрно на врвот кон нишката што ја следам.
Летам! Сликам за љубов што мора да се дооди.

На белото сум брат, молам со боите што чукаат,
од секаде дошле гласови, на светлината телали.
Патеките на животот како мраз во обрачи пукаат,

корењата цветаат. Ме има по леите, леле завали,
станав лоша понадица злидуши што ја душкаат.
Морам душа да напишам да ме истави и нажали.

14.

*(Енигма)*

Гледам во црното. Молчам а белото се смалува
на бојата сенката од мракот сакам да ја иставам.
Тука стега. Во кутијата темна и окото премалува,
а зборови нема да обелам и благослов направам.

Каде да гледаш исто: Секаде покој, р´ц  и омраза,
мрачнотијата жива господари и со сеќавањата.
Ноќта заспала и сега сум збор во глупава фраза.
Војувам или тоа душата тагува по војувањата?

Не знам како, но лудилото танцува под крушата;
четката како послушник длабоко по боите рие
го варди дрвото, бега како синоличка од сушата.

Денот енигма црнее и на клепките глувтар спие.
Сакам како славеј да му доиспеам за душата,
да не биде ут, утман-ден во калта што се крие!

15.

*(Темнољубецот)*

Со стисок раката го сопира здивот Темнољубецот.
Светилникот како крвава орда удира по мракот
и гледај: Светнува! Го буди од бунило гаталецот,
фрла врисок да ме сопре, за да продолжи зракот.

А Тој дише. Со рацете плеска и ск´рцнува гласно:
"Каде е белото и малиот зрачец утро да плетат?"
А јас сé уште сум само птица што зее и брои јасно.
Бегам. А тој чади и во очите пламени му светат

да ме дофати. Тој лошиот, страшното здивиште,
ме брка по сонот како сабја на влакно заспана,
и бара да молам пред неговото глупо главиште.

А долу свети  реката. Вика како мома во апсана:
"Сопри го Темнољубецот, тресни го в ѕидиште!"
Молк. Цртам круг а здивот рика: Сатана, сатана!

16.

*(Де профундис)*

Застанав. Врзан како имела врз сува вејка.
Околу ст´рв, пискот и раце што бараат леб.
Долу хор, темната мрави ја свират на лејка.
Да појдам? Да се нурнам широк како галеб!

Слегувам. Поподиставен чекам пофалба,
како срце  што легнало по страшниот пир;
за да не бидам само страница за стрелба.
Гласот вика, во темно минувам низ шпалир.

Како Орфеј пазам да мине златната шир,
црното сака свирките назад да си ги земе,
а јас Евридика ја барам низ целиот семир!

Ездам. Да не бидам само жртвено семе,
небаре око караконџул, прежален вампир
обелен од жед, како кусур од пусто племе.

17.

*(Според своја мерка)*

И одеднаш крај. Светнува и ударот мава тап!
Се држам за сонот, се ројат во сликата злите;
ги води Тој, тепајќи силно со чумавиот стап.
Вика: Ајде, уште еднаш "тап" и за останатите.

Што се случува си велам, како и каде одат?
Тогаш тивко пред мене се лизга нечие крило.
Ми вели: Мирно! Сите повторно ќе се родат,
според своето поило и надвор од ова осило.

Потоа бегав, да не ме удри со грдото дрво.
На врвот барав боја по образ на животот мој.
Бревтав. Не можев да сетам што беше прво:

Мојот грев, или гревот зад мене и нивниот сој!
Ечам: Дали е можно сé да се крои отпрво?
Јас не сум ѕвезда но тие се гнаса и само број!

18.

*(Илустрација за себе)*

Тука сум. Сé уште правам од звуци крепости
од букви пространства. Колку да се сеќавам
било така. Во Црната кутија некој ме залости,
тежина да исправам а белината да ја раздавам.

Ми требаат само осум стихови за да го допеам
овој сонет за себе. Без тебе! Едноставно вака:
*"Над сé се јазикот и азбуката. За да успеам*
*тука се спомените кои како жар ги имам в рака.*

*Во центарот сме јас и Црвената. Кршиме леб,*
*мезиме чај и маслинки. Чекаме збор од сонцето.*
*Долу е белата старост. Бегаме од жлеб в жлеб.*

*Барајќи боја за окото во ќошот го слушам срцето:*
*Што направи? Да одиме од овој сатански ждреб.*
*Но каде? Остана само песната и правта на лицето."*

19.

*(Ќе чујам ли?)*

Ти, што можеш да бидеш муза. Сина и црвена
и со боја на папрат. Ќе ми кажеш, зошто гласот
се јави само еднаш? Ти една, мирисно здивена
перунико, каде е патот и дали е дојден часот?

"Повторно угоре како слепа бездомна птица
или ќе газиш долу, мал како зрнце пустиново?
Ќе чуеш. Ќе чекориш како буф по тенка штица.
И сé ќе биде само заробен хор што пее ѕунливо

и ги буди младичите заспани под осојот долу."
Слушаш ли, јанѕо заиграна?Јас уште страдам,
истурам боја и со рацете те цртам гола надолу.

Со млада роса дрвјата ги појам и сонот го кадам;
сега кога е најсилно ги пуштам жилите: Одддолу
нека пукне. И сликата и јас, бездомникот Адам.

20.

*(Во стаклен долап)*

Одеднаш се најдов таму. Збунет, како ут гледав
во студен вир. Црвен вжарен и крвав бев дури.
Треперев пред твоето тело, сам и целиот седав,
неполуден; во стаклен долап ти силно ме втури.

И така светев како усвитен столб. Се чу втреж
во собата светлото одеднаж вулкан се вжари.
И гледај чудо: на столот повторно желби вриеж:
Црвената  седнала а по денот се дерат бабари.

Чучнав до неа. Гукам, се тресам  целиот алов,
таа зрела калинка; како зрна зборовите ги вади.
На клепките ми лежи со погледот страшен; орлов.

И велам: "Каде си? Нели е доста со овие уназади?"
А таа пишува."Читај, нема име и поголем наслов:
Ти си птица и спас ќе имаш само во вакви излуди!"

21.

*(Слепец)*

По кожата како воздишка ме погали нејната рака.
Срипав како од врелина да бегам, се подиставив!
Задува. Некој отвори врата. Слушам: "Оди потака!"
Боже, слушна? Каква сила излезе од тој кус воздив.

Се плашев. Да не испарам сега како капка пресна,
да заминам а да не видам каде сум бил досега?
Но гласот повторно јасно го чув. По водата тресна:
"Ти! Изгубен што треба да бидеш, слушај ме сега:

Јас не сум јас и не сум само обичен темен глас.
Внимавај. Ти не си ти и не знаеш каде да гледаш.
Не бркај се со светот, не биди смешниот Атлас!

Што правиш? Како слепец од доброто бегаш!
Нема да бидеш. Каде да одиш ти си само одглас.
Ако се најдеш сега, ќе те има; ако не, никогаш!"

22.

*(Подарок)*

Ми подари кутија темна. А кутијата затворена коцка
светлина што нема. Ја вртам како зрнце, прозорче
да најдам. Да се втурнам внатре нешто ме брецка.
Заклучена таму тишината ли спие? Или како жарче

зборот тае, како писок-скришок на белите птици?
Тогаш ја стиснав коцката силно. Ненамерно мислам
и долапче едно се подаде напред. Во него подароци,
си наредил мракот мераци, како за инает и чалам:

Златно клуче мало (низ прсти бега) врзано со срма,
под срмата, свети како роса, писмо (повторно ли?)
свиток со непозната боја. Сликан низ златна бурма.

Се вртам околу, јас сум само изгубена птица! Нели?
Го земам подарокот и прашувам: Кој по сонот дрма
и сега пред крајот вакви лоши ишаретки ми дели?

23.

*(Буквите)*

Го отворив свитокот чуден. Не ум, ука да барам
туку да видам, да отворам око што пишува таму?
И кој буквите така ги внел та напишал епиграм?
*"Не знаев, но верував на сите што тргнале вамy!"*

До светлото зближен почнав ред по ред да читам
за приказната што во клучето заборавена се крие:
По првиот стих, силен збор врзан во тежок ритам
со прат ме шибна и олово на јазикот фати да врие;

како туѓ дамар врз писмото со години да спиел.
Тогаш од луда птица станав исплашен морнар јас.
Побарав вода. Видов. Брегот долу некој го криел,

да не можам да бегам и во зборот да најдам спас.
Да бидам иставен како лоша сила и мртов вител,
да читам неточно и бидам само на животот украс.

24.

*(Се случи)*

А јас граматик вешт, на словото богумил премил.
Гледам и мерам: Зборот е убост фатена во сарај,
тоа во умот миговно го ставив. Како луд црнокрил
поракaта јасно ја разбрав, од почетокот до крај.

Но пред да одам окото фати силно да вгледува.
Мирно читам: "Клучето е само влез во безизлез,
кој со него двери клучи само смрт ќе разодува.
Го куси патот, ќе трча по својот животен залез!"

Сетне се случи. Како подарок свитокот го вратив.
Се свиткав, небаре насила испилено од јајце пиле,
јас темнината како сестра далечна сега ја сфатив.

Во рамката думање нема. Започнува ново дефиле,
се бара почетокот до крај. Потоа сјај. Како негатив
минав до лудиот камен. Уште чука. Сам ко копиле!

25.

*(Порака)*

И кој знае што потем може да се случи?
Кој потаму пораката затворена ја собра?
Јас бев пратен од ѕвездите да ја отклучи,
читав и дојдов сам до светлината добра,

ги оставив сликите бои и палетата жива.
Сега ги знам лагите сонот што ги дрочи,
сé било лабава- забава! И желба дива
што извира, од секаде грга, сака да урочи.

Не, јас не гледам да дознаам. Јас, стариот
Светлинољубец знакот јасно го чувствувам.
Таму ќе чекам, сеедно последен или првиот...

ќе се требам од малите духом и ќе очудувам.
Знам, вечно ќе бидат исти, заедно со Црниот.
*"Лицем светци, с́рцем в́лци"*. Заминувам!

26.

*(Надвор)*

А таму бисерот дрочи. Пука и малее од убост,
самее и од светлината трча. Чекори и светот,
со брз ´од од здивот бега. Љубовта е дивост!
Крикнува. Во гниеж и со вриеж почнува летот.

Чекор по чекор, како раце на разбој голем
дните судбата ја ткаат. Нишките врват и секој
бојата ја знае. Надвор е туѓ свет, нов калем
и луто лице на клупата седат. Тоа е Тој некој!

Северните ветрови, до него во сенки  се топат,
гаснат како искри а тој ги млачи со топол фен
и сите живи бои на дланките негови се котат.

Клекнал и дува в рог. Мрда со поглед кадифен
Сатирот. Вели: Не, морето нема да го потопат!
Тогаш викав: Ајде губитници, по патот седефен!

27.

*(Наредба)*

А тие, ветровите со раце како небесна свила,
играат и велат: "Стани, простум постој до нас,
и радувај се ако сакаш. Светот нов е самовила
не љуби го брзо и не барај само во него спас."

На колена пред него можат многу да бидат.
Тој тоа го сака. Но, таму да бидеш!? Полека:
"Тој може сé да види. И кога сите ќе отидат,
вистински диво по тебе силно да залелека."

И најсилно ако треба. За ништо, ни ти, ни никој,
ни сакањето од прегработ да не може да бега.
Да остане тука како звучен спомен и спокој.

Ќе те растопи цел. По наредбата ќе дува жега
и од сликата ќе може да побегне надвор секој.
Но ти, повторно ќе бидеш во обрачот што стега!

28.

*(Влез)*

По малку, небаре бела ронка од трепетлив прав,
во дворот влегов јас. Пред дверите опасно силни
како ветрушка дива ме прегрна големиот страв:
Со клучето отворив ѕид, места темнотија полни,

и со сите ненасликани бои се подготвив за лет.
За да го видам светот, таму поинаков што бил,
да не бидам глупав, отапен ум претворен во цвет.
Тогаш се пуштив најсилно, како птиче "билбил".

Со жежок писок сакав како ѕвере да вриснам,
па како глуварка мала, ситна точка низ полето
во белото станам. Да сонам море и да плиснам,

да барам во водата врата, прозорче бело и свето.
За повторно златното клуче силно да го стиснам,
да видам што има таму и да не жалам за послето!

29.

*(Боите предавници)*

И се вртев брзо, како дундарек во новиот свет,
испревртев живот и се видов со познати многу,
со луѓе што ги бев заборавил бил. Беа девет,
подадов ракапрегратка; ме прашаа, фала богу,

и им кажав во вртење бесно, кој сум и од каде
допафтав јас. А тие инѕири. Се прават ме нема,
се чудат, "како скот да долетал од немајкаде!"
Сум имал сила чудна, во сликата се́ што зема!

А боите, предавниците мрсни, гледаа чудно:
Како во шарен чудак испердувен по цело тело
со лик на човек што плаче исплашено будно.

Потоа раката ме скина во сино. И беше смело
со прстот нацрта како играм на ирамче ладно.
Сега сум боја без душа, ретка глетка во бело!

30.

*(Отаде дверите)*

А таму новото треперење конечно ме најде.
Сувиот глас викаше јасно: "Кој си знаеме сите
и кај си бил не е ништо ново. Тоа веќе зајде,
не барај се ситен, ти си само прав во косите.

Но кога си дошол, ајде! Сега повели и седни
на вечера со белото биди. Но многу не цветај
нема чуда во светот нов, таму се духом бедни,
нов старец е тој . Ако сакаш провери и летај!

Но знај, пред малкуцка сонот поинаков беше.
Затоа затнимуцка, замини да лебдиш во мир!"
Што ќе биде? Да не беше така сé ќе гореше:

Животот е пусто поле. Одам право во таа шир!
Ако не летам ќе омалам. Тој така говореше!
И додека мислев се видов. Горе во сиот семир!

31.

*(Едноставно Љубовна)*

*(За нас и за инает на луѓето од црната кутија)*

Жено, никогаш не дозволувај да дознаат
дека ни било тешко. Јас не сонувам сонот
да биде сон. Така лесно ќе нé препознаат.
Сакам да биде празник, голем да е ѕвонот.

Да можам вечно да бидам доволно близу
да те галам по рацете што мирисаат на леб,
со очите да  пеам и да летам уште поблизу.
Постојано. Како во стихот: *"Има еден галеб"*.

И тогаш знам дека постојам само за тебе.
Ти ме гледаш, едноставно вљубено велиш:
"По силни патеки сме. Ти и јас под ова небе,

´летај мој галебе´, секогаш сме во финиш!
Каде и да сме, тука сме. И сé така, во себе,
јас ѕвонот ти сонот. Одиме во љубовен јуриш!"

32.

*(Како престапник)*

Тогаш појдов по следата твоја. Круг врз круг. Угоре
и уште погоре, кон сртот со глава како на птица.
Во домот твој како престапник влегов. И таму горе,
како солза тркалезна в зори светлината ме исцица.

Ти ме стави на срцето. Велиш: Ајде молчи, кажа многу.
А јас мирен. Сега сум спокоен. Тука сум и споро тонам,
како пердув од крило на ангел. Ти бараш премногу,
за да си простам пред вечерва нешто лошо да сонам.

Во љубовта престапник!? Да, можеби некогаш сум бил!
Тогаш на постела ме стави. Седнат ко на починка задна,
те прашувам а ти збор не даваш; лежиш како до немил

и зборуваш за она некогаш што било. Далечна и ладна.
Се сеќаваш: ти велев, само напред, животот не е катил
нема да не́ спречи: Љуби! Чекори смело врз оваа бездна.

33.

*(Зол пристор)*

За да не бидам таков, да не можам ништо да сменам,
од љубовта никаде да бегам, да испарам и не се сторам
само барач на воздишки по линии разни, за да те пленам
научив да чекам. Сега гледам, пред тебе искрено горам.

За да можам секаде да бидам, по сртови и долови голи,
во висини бесни и длабини нови, јас научив да сакам.
Во спротивно како би стапнал близу до тебе а да не боли?
Би бил само зол пристор осуден по љубов вечно да акам!

И тогаш што ако од сликите никогаш не сум заминал?
А сум бил бркан и по ѕидовите исплашено сум гребел,
сум се возел на ветровите да видам дали сум исчезнал;

да не сум станал бел ангел што дува од студот пребел,
ги растура дворовите и сака да биде одмазник со сигнал.
За тоа, срце треба да се има. Посебно за љубовен гибел.

34.

*(По тебе)*

Те стасав и чекав во срцето нешто да ме жежне.
Тоа беше дива љубов. Од чекорот, цапкањето твое,
побрзо долетав јас. Викнав, радоста да натежне
и ставив во свилата цвет, како знак за нешто мое

во косата твоја! Но Тој, рамката ја стресе и свика,
гласот мразен, како железо остро ме пресече в миг:
"Ако ја допреш ќе бега. Пушти да вика, нека заика.
Ако бидеш насилник ќе забрзаш и ќе удриш нов жиг,

да престане, да исчезне и се стори пред тебе сол;
па на камен ќе личи како лошите жени од Содом.
Тогаш нема кој ангел да биде! Ќе пиштиш од бол

како змија на студен трн. Гол и од никаде родом,
ќе бидеш прегазен. Не боди се сам на глогов кол
во новата слика ти си само камен! Не биди лаком."

35.

*(Злопиле)*

Тогаш застанав вешто. Како сенка, да не ме видиш
скришен зад тебе. Гледам, чека ли некаде во црно
нацртан вештер? Моли ѕверот да му бидам бакшиш!
Или е злопиле, клетниче што лета ваму како зрно,

од палетата избегано како букви. Излетало храбро,
ишка чинки и чука да ме спречи, во мигов еднодушен
да бидам и стихови да напишам ковани во сребро;
за да не го видам! И којзнае до кога биде бездушен.

Но нема никој тука. Мрдаме само јас и твојата лика.
Како далечинки светкаме. Дишеме голи како богови.
Реков: Нека клука и сé нека биде сол во оваа слика!

Те повикав и застана. Се сврте но повторно заплови.
Јас можев само да гледам: Чекав реката да с´рика,
но ништо не се стори. Видов како пукаат сите окови.

36.

*(И?)*

Потоа слава. Светите како деца пееја.Те допрев
и ти застана в миг. Ништо во сликата не се случи
и во камен пред нас не се претвори никој. Сопрев,
се погледнав; и јас истиот бев. Но некој заклучи,

сврте лево-десно и со погледот ме побара мене.
Рече: Ти си пиле бесно? Добредојде, поблизу ела.
Ми подаде рака и ја фатив како билка што вене.
И сé беше убост силна. Приказна ангелски бела

која допрва раскажана ќе биде. Можеби медна
песна што сонува бајач нероден! Нова виделина
за да стане страшна химна, ептен една и чедна.

Тогаш да залетам во височините и дофатам белина,
надвор од сликата да прснам како искра вредна.
Од далеку да дојдам и да бидам вечна светлина!

37.

*(Пред столбот чумав)*

И тогаш мир, некој од џебот извади коцки:
Се прекрсти, со три прсти го фрли живот мој.
Срипав како да лежев на постела од боцки,
станав исплашен да заминам по патот свој.

Но нешто ми нареди да стојам и чекам тука:
Гледав како стануваш во далечината точка,
раката ти беше крило во облаците што чука
телото самовилски танц со златна плочка.

Денот почна да бега како нишало да се клати.
Застанав. Со мигови во подножјето се думав
да појдам ли храбро до сонцето што се злати?

Си реков: Нема никој, само јас и столбот чумав,
во животот некогаш мора и така да се плати:
Или си храбар или вечно врзан убав сиромав.

38.

*(Белото)*

И што требаше сега уште посилно да се случи?
Да одев назад, да се вратев каде што гореше?
Одот ме турна и животот на делови го заклучи,
Тој, кодошот, од мислата моја посилен беше.

И така кроток, како малоумен пред џелатот свој
подадов рака, а од милоста каменот се стори сол!
Не кажав збор, ја положив главата до мечот твој,
очекував оган, удар и длабочина што пече до бол.

В час раката врз мене ти како студенило ја стави.
Рече: "Еве, Светлината ја влечат ангели на санка!"
Праша: Тоа ли е сонот што не сакаш да те остави?

Се вика Белина и од сонцето најмилата е гранка.
Љуби го! Белото никогаш нема да те заборави,
личи на дете слаткозаспало на мајчината дланка.

39.

*(Далечини нови)*

По златниот час бесздивно како дете прашував јас:
Тука ли сум? Таму кај што сакав поинаков да бидам,
јавно да љубам, да викам и ечам на целиот мој глас,
да молчам и вревам и таков светотот да го видам!

Тогаш ангел се вознесе и под небото ме однесе
а долу плачат водите а жените солзи ги собираат.
Ми рече: "Молчи, далечини нови времето донесе.
Градови и реки кои можат невидливи да извираат.

Ќе посакаш да стапнеш таму каде никогаш не си бил
и по песокта сува стапалки твои да оставиш храбри.
Да чекориш како на празник и бидеш на некого мил!

Но и жарта е тука, врз раката силината ќе ти бабри.
Секогаш е така. Твојот е најблиску и ти дише в тил.
Немој да заборавиш. Душата ти ја бркаат бабари!"

40.

*(Удолу)*

По баењето будно појдовме удолу суриот предел.
Гледав брегови, од луѓе извишени препреки вешти,
камен врз камен некој по патот в должина редел,
со боја ги плискал насоката фазла  да ја вжешти.

Потоа чекоревме мирно. Во џебот клучето го барав:
Да се сетам на нешто, на пораката нималку лесна:
"бев зрно бегалец а ти ангел во око што му шарав."
Инсектите те галеа а лудиот молец ти запеа песна:

*"Удолу само, удолу, еј вие црни, луди млади будали,*
*ни почеток знаете, ни средина и белина а сé сакате.*
*Их! аџамии едни невидени, нема кој да замандали;*

*ќе ве јаде сивило, ќе ве гори жарило и ќе скакате*
*како нереси по сечило, пред некој да ве устрели.*
*Удолу само удолу, како врани еден ден ќе гракате."*

41.

*(Походот на глупоста)*

Да неверо: еден ден сите студени ќе појдат
по среќата што потаму од тука садена била.
Ќе имаат верба стара а по друга ќе дојдат
од црни усти кажана како спасувачка сила.

Пред лагата и сатарот по дрвото да треснат
ќе локаат лој, од заби до долу лига да бидат.
Како мрави со рачиња ќе кршат леб скиснат,
небаре грди облачиња под небото ќе лебдат.

Ќе бараат сé: Нова земја, ново немирно море
бело поле и луѓе што некој треба да ги роди!
Стојам. Гледам глупостите напаѓаат од горе:

Слушам за патот по кој мора гордо да се оди.
Што да се прави? Чекам војна уште од погоре,
битката со глупоста жестоко мора да се води!

42.

*(Зборови во напад)*

Буквите се моја фаланга, стиховите штитот.
Напаѓам, армијата зборовна појдена е веќе.
Со рацете кревам камен, го разбивам митот,
на легиите фрлам кирилица наместо цвеќе.

На фронтот горам гадости и клевети бајати.
Да стасам до белината ја земам светлината.
Од домот на азбуката пуштам зборови бујати:
Напад синови, со песна против темнината!

Глаголи, именки и сврзници, сите војници.
Метафори и оксиморони, во стих се стројат.
Рапортираат: Одиме без глупи прашалници,

не сакаме победа пирова, само да ја бројат.
Мисли на Григора *"Лицем светци, с́рцем в́лци."*
Жив е Џганот, судбината и натаму ја кројат!

*Вчерашниот свет*

## На станицата Молфанконе

Чекајќи го возот на перонот сме сами.
Те гледам. Поглед ти испратив скришум,
твоето око, тој бисер пак ме мами -
одамна беше кога си рековме збогум.

Возот нé донесе и тој ќе нé врати
и не ќе бидеме она што сме биле,
знам, еден мора поскапо да плати,
еден мора да е Перпетуум-мобиле.

Во далечината возот ита свири.
Ме обзема некој чуден нагон,
срцето - кој сега ќе го смири?

Ти си во првиот, а јас во задниот вагон.
Од прозорецот простор пред очите се шири,
и татни, татни, овој проклет симплон.

*Молфанконе, 1983.*

## Лажна слика

Каква чудна сила, некој страшен ѕвон.
Во окото твое вечерва страшна моќ;
синило свето, жена си или минат сон
со глас постуден и од зимската ноќ?

Неможам веќе во утрово да бледам
како некоја стара паганска дивост.
Со погледот срчен дал да те следам
или ќе бидеш мала утринска лудост,

што во мигов ми задава голема мака?
Сега кога душата е голо изморено тело
можам да видам колку љубовта е јака,

штом пред ѓаволот застанало смело:
Страста да ја стори чудна, за да сака,
а убоста игра блудна на срцето врело.

*Варна, 1983.*

## Пополноќно умирање

Кога по полноќ како далечина  запира сонот,
во домот свој далеку од тука западно негде,
за мисли нови, опасни но мили зборува денот:
Како ноќта со раѓањето свое пак да ја прејде.

Колку е убаво, трепетно и мило тајното место.
Со споменот свој секогаш си бил далеку таму,
си скитал бестрашно и смело, осамен често
за да бидеш секогаш и сега со мислите ваму:

Кога како ронка на својот стол обедува сонот.
И пред одново со нова сила жестоко да дојде,
душкаш и го бараш како снегулка во ѕвонот

што како лоша градушка посакуваш да зајде.
Да исчезне, на брзи коњи да го смени тонот,
пред раѓањето како витез повторно да појде.

*1982.*

## Чедност

Во очите, небаре светлинка, ти спие езерото бело.
Молчи како планина. Косите како сонце ти ги љуби,
како детелинка трепери по твоето испотено тело.
Пред чинот на страст во кој тоа како солза се губи.

Молњата свети и угоре бега преку твоите гради.
За ти секое утро повторно белина да се родиш
стихот скока и со јуриш сенката од сонот ја вади;
за да не те снема како трепет, за да не си одиш.

Убоста твоја е војна со сите. Таа е ангелска сила,
вечна природа и создавање посилно од мене.
Дури и кога растураш и боли и кога не си мила,

на раце ми спиеш а цветот твој не може да свене.
Тој е осамен хор за сите и жив покров од свила
што никогаш од моето лице никој нема да го крене.

*1984.*

## Мугра

По патот тргнав спокојно дома да одам.
Тивко, нечујно низ долот да се спуштам;
но една јанѕа, како ѓаволот да го гледам,
ме тера како жеден пес околу да душкам.

Да не те видам и сега јасно се појавиш,
насмеана како ангел во оваа мугра клета:
Ти на чардак како милно цвеќина плевиш
убавице моја, недостапна девојко света.

Или да не би, скришум поглед да пратиш
врз моето бледо како ѕид и пијано лице,
па исплашена во мигот грешно ме сфатиш!

Дека не сум тој за тебе, само зрнце житце,
па  со омраза погледот веднаш го вратиш.
Со силна страст во тебе. Мило мое осилце!

*30 јануари, 1985.*

# Музата

1.

Дошол снегот како несакан. Бела тишина и мир.
Сум пошол да изумам а ме следи силна стрелба,
се спуштам и кон тебе ме води некој чуден немир:
Проклетство, во мене сé уште таи старата желба!

Доаѓам да те бакнам како змија, студено и ледно.
Во срцето пак се рои осилото проклето и жешко,
да ти кажам дека постои светот страшно и сеедно;
и без нас туркаат тркалото и векот, втрејќи тешко.

Ти подавам рака светла како небесниот пламен;
кој сега во очите спокојно одалеку да гледа?
Времето нé меле, како зрнцата воденички камен.

И каде сега, по која ѕвезда, по кој пат и следа?
Кога животот азган прерипал во непреглед рамен,
а љубовта во болка, војна жестока и слика бледа.

2.

Музо! Ти студена сенко со ноќта што се мачиш.
Во милоста строга во казната жестоко штедра.
Ти, со помама и спокојство смирено што зрачиш
Секогаш разбирливо проста, насмеана и ведра.

Жено, животот кошмарен ден што ми го правиш.
Гледај: одиме како бројки безмилосни и цврсти:
Што владее  со тебе за  болката да ја славиш?
Кога сите сме робје поделено еднакво на врсти.

Нашите ѕвезди еден ден за секогаш ќе ги нема
и никој за нас, нема нешто со добрина да праша.
Само ќе речат: "Време беше и нив да ги снема!"

И со радост ќе дигнат уште една преполна чаша.
Ќе бидат сити а ангелот полека среќата ја зема:
Музо! Гледај, од глупоста умира љубовта наша.

3.

Еден ден, пред портите ќе треба да платиш.
За гревот во злато за лагите со чисто сребро;
за инаетот на ѕвезден кантар сé ќе вратиш,
дури и тоа што не било твое, Адамовото ребро!

Тогаш ќе помолиш да сакаш со срцето тесно,
ќе велиш дека секогаш си била во право
и сé што си сторила било безопасно и лесно:
за твојот ум исплатливо па дури и здраво.

Во маглите студени кога бесцелно ќе луташ,
Ти како жар-птица ќе посакаш да летнеш;
несакана ќе мораш секаде лицето да го буташ!

Ќе брзаш како невреме веднаш да исчезнеш.
Но прашај: "Каде би можела сега да залуташ?"
Кога никогаш не си сакала никаде да појдеш!

4.

Знам, ти си ми тежок камен на рамењата,
ти спиеш во душата како изморена птица.
Од минатото наследство на времињата,
казна во злодоба, самрак со познати лица.

Знам, љубовта е прелага нежна и слепа;
бела боја, сончевина што мами и смрзнува,
подадена рака, девојка мила и прелепа.
Самовила појдена по светот да казнува.

Знам, нема никогаш од тебе да побегнам,
ти си брз стрелец и господариш со ерите,
секогаш ќе ме  прогонуваш за да полегнам.

Знам, ти  ме чекаш надвор од дверите
таму пред крајот исплашено да досегнам.
И сé така, додека смртта ми ги нема очите.

5.

Кажи музо далечна: што треба да сторам?
Времето да го сопрам и ангели да пратам;
или ноќта да ја вратам и во жарта да горам.
Да удрам и со зборови некого да позлатам?

Би можел ли толку нечовек грд да бидам?
Да дојдам гневен како од мрачни песји шуми
во оган да те фрлам и исплашена те видам;
за да слушнам само грска од лошите думи!

Победата тешка е тоа и каде таа тогаш води?
Да те намразам толку за повеќе да те нема!
И дали ми треба казна освета што ќе роди?

Ти си вљубена жена, помама и долга тема.
Никој не може да го врати бродот што броди,
мојата песна е најсилна и нема да ја снема!

*Јуни, 1994.*

*Последна*

Сега си ангел

Сега си ангел небото од милост што го сече,
а твојата слика избегала од нашето време.
Патуваш назад и гледаш филмот како тече,
кога сакаш сопираш и по мене фрлаш семе:

Да останам долу уште толку колку што треба,
да досвршам  работи мали од мене за тебе.
Дека векот не минал така, како без потреба,
небере сме деца заспани во времето зад себе.

Како е горе? Дали љубовта била само некогаш?
Се вртиш ли, да ме бараш заборавен назад?
Гледаш ли, можеби сега сум полош од тогаш...

Доста прашувам. Ова ти го должам  наназад.
Дали е важно што било, ти си таму секогаш!
Патуваме во тој, од песните вагон. Најодназад!

Братислав Ташковски

Роден е на 11 семптември 1960 година во Скопје. Студирал новинарство на Универзитетот "Св. Кирил и Методиј" во Скопје. Ги објавил следните книги поезија: *"Прсти во облаците"* (1987), *"Бикови во мојот крвоток"* (1989), *"Опасна хартија"* (1991), *"Ангелот и жедната муза"*(1994), *"Демоника"* (1997), *"Мојот кинески меч"*(2001), *"Дом над домовите"*( 2002), *"Попладнето на еден оптимист"* (2003), *"Песни од минатиот век"* (2004), *"Гола земја"* (2005), *"Големата љубовна песна"* (2006), *"Бегството од Ерусалим"* (2007), *"Само ангел"* - избор од поезијата на албански јазик (2007), *"Хаос под небото"*-избор од поезијата (2008), *"Окото на ангелот" (Тхе Ese оф тхе Ангел)* - избор од поезијата на англиски јазик (2008).
Ги објавил драмите *"Гола земја"*(2007) и *"Ноќ спроти Свети Никола* (2007*)",* романот *"Ако даде Господ"*(2008) и книгата есеи *"Линија на усвитеност"*(2000).
Добитник е на наградите: "Студентски збор", "Млад Борец", "Браќа Миладиновци" и на "Државната награда за најдобра книга од областа на публицистиката". Од 1999 до 2002 година бил Претседател на Управниот одбор на меѓународната поетска манифестација *Струшки вечери на поезијата.* Застапуван е во антологиски избори од македонската поезија. Делови од неговата поезија се преведени на француски, руски, турски, словеначки, хрватски, бугарски, српски, полски, шпански и русински јазик.
Основач е и главен уредник на списанието за книжевност и култура АКТ.